ЈОУДГ ”БРЕШИА”

Бр. 03-162/2

26.08.2020 год.

Дебар

ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА

"БРЕШИА" ДЕБАР

Врз основа на член 98 став 1 алинеа 2, и член 101 став 2 алинеа 5 од Законот за заштита на децата, Управниот одбор на Јавна установа за деца - детска градинка "БРЕШИА" Дебар, го предлага следниот:

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ БРЕШИА-ДЕБАР

за учебната 2019/2020 година

Дебар,август, 2020 година

ВОВЕД

ЈОУДГ "Брешиа"-Дебар донесува Извештај за работа на градинката.Изготвувањето на ваквиот извештај се занесува врз законска и статутарна обврска која се поднесува на разгледување и усвојување на Управниот одбор на Установата.

Целта на изготвувањето на овој извештај е еден од најважните документи на установата во врска со организацијата и реализацијата на целокупната дејност.

ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА

Организираното предучилишно воспитание и образование во нашето општество е составен дел на единствениот воспитно образовниот систем.Ваквото воспитание целосно и систематски се занимава со воспитание на деца од 3 годишна возраст до поаѓање на училиште.

Оваа возраст се карактеризира со интензивно растење и развој на организмот. Затоа предучилиштата установа, со својата обмислена уредност на просториите и опремата, преку утврден распоред на денот правилна и квалитетна исхрана, користење на сонцето, воздухот и водата, преставува поволна општествена средина која овозможува правилен :

- физички и сензомоторен развој на детето- со користењето на основната детска активност- играта и елементарните телесни вежби се придонесува за развој на основните движења : спретност, точност и одмереност ;

- социјално-емоционален развој - се пружат можности детето во оваа средина да се чуствува задоволно, срешно и спонтано да ги изразува своите чуства кон светот што го опкружува, да се социјализира, да ги запознае и почиствува основните норми на однесување ;

- формирање на основни културно-хигиенски и работни умеења и навики, се подржува и облагородува природната љубопитност на детето кон светот што го опкружува и му помага да го збогати и творечки да го изрази своето лично искуство. Се подржуваат интересите на детето за создавање и учење и се развиваат перцептивните

исознајните способности на детето.Меѓудруготовозможува децатада се постават основите на елементарното математичко-логичко размислување и заклучување, а особено да го овладее култивираниот говор.

ОРГАНИЗАЦИЈА,ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

ЈОУДГ "Брешиа"- Дебар е установа која функционира на адреса ул. "8-ми Септември" бр.39- Дебар.

Објектот Колезија е нае на ул.Атанас Илиќ бр.72.

Во текот на годината при реализицијата на згрижувачката и воспитно образовна работа максимално и рационално е користен целокупниот простор во установата, кои има наменска функција за работа со деца.

- Приемни простори,
- Занимални за повеќекратни намени,
- Хол за заеднички активности, игри, прослави,слободни активности приредби и др.
- Трпезарии за оброци,
- Санитарни чворови,
- Тераси,
- Простори за консулататива работа на вопитно-згрижувачкиот кадар,
- Занимална за прослава на родендени,
- Кабинети и други помошнипростори.

Животот и работа во јаслениот дел се одвиваше според планот и програмата правен според неговиот сепцифичност и куќниот ред. Хигиената на децата и задоволувањето на физиолошките потреби се одвиват во санитарните чворови специално наменети за потребите на оваа возраст.Додека другите активности на јаслената група како масажни гимнастики подвижни игри, сензорно-визуелни, пануелни говорни вежби во просторите наменети за дневни активности-занимални.Во зависност од временските прилики оптимално се користеа и другите простории на градинката како тераси, хол, двор и сл.

Приемот на децата се реализира во посебни простори наменети за таа цел (ходникот) каде секојдневно се вршат средби со родителите.

При реализацијата на дневните активности во објектот се чуствува недостаток на простор односно на сала за физичка активност така да често заовие активности се користихолот и

занималните што ја намалува ефикасноста и значењето на ова активност за развојот на децата.

Во извештајот акцент се даде на збогатувањето на постојните и правење на нови катчиња со игровен и дидактички материал.Се формираа нови катчиња во корелација со тематското планирање.

Во формирањето на катчињата учествуваа воспитно-згрижувачкиот кадар и родителите.Кај децата за катчињата владеешеголем интерес, за нив тие беа омилен простор во кој ги проведуваа свотие искуствaа богатејќи се со нови знаења.

При реализацијата на програмата во извештајниот период спрема планирањето се користеа ауто-визуелни средства и технички помагала како: телевизори, видеа, касетофонски ленти, проектори, слајдови, слики, и сериа слики. Со примената на овие средства се облажи работата на воспитно-образовниот процес и истиот го правешемошнеинтересен за децата.

Покрај просторните услови на градинката и нивната опременост, за успешноизведување на нашатадејност (изведување на активности, престој на свежвоздух како и повеќе движење и рекреација на децата), големо значење и улога секако имаат дворните површинии нивната уреденост.

Во текот на ова учебна година перманентно од страна на стручниот колегиум се пратеа нови изданиа од стручната литература и разни списаниа.

На стручните колегиуми сите нови изданиа им се презентираат и се укажуваше на нивната примена како: Просветно дело, Просветен работник, Воспитни крстопатни, Екологија, Семејство а од детските списанија во текот на годината се користеа Росица, месечко и чекорче. Кај воспитно-згрижувачкиот кадар владееше интерес за следење на стручната литература и во својата практика применуваа се она што по нивно согледување им користеше во практичната работа со деца.

Објект	група до 24 месеци	Група 2 до 3 години	Група 3 до 4 години	група 4 до 5 години	Група 5 до 6 години	група Школска 6 до 10 години	Вкупно
Брешиа	13	23	22	34	57		149
Колезија			11	14	38	24	87
Село Скудриње					12		12
Вкупно деца							248

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКИТЕЈАСЛИ И ГРАДИНКАТА

Согласно законските одредби, а кои поаѓаат од научните сознанија за психо-физичкиот развиток на детето, како и потребите на родителите за престој на нивните деца во нашата установ, згрижените деца се распоредени во јаслени групи и групи градинка.Тие се опфатени во временскиот период од 7.00- 17,00часот.

Во организацијата на животот и работата во јаслената група се поаѓа од научните сознанија кои укажуваат дека во првите години од животот на детето се создаваат основите за развој и формирање на личноста. Па затоа јаслите како најорганизиран облик на општественото воспитување на децата, обезбедуваат добри услови за развиток, задоволување на природната потреба за дружтво од врсници и воспитното влијание од колективот, адекватна едукативна средина, разновиден материјал и простор за игра, исхрана и здраствена заштита на децата.

За да се обезбеди ваквиот правилен развиток на детето во услови на колективен живот во детските јасли, негователскиот кадар обрнува посебно внимание на правилното одгледување, усогласување со потребите на детето (храна, одмор, облекување, санитарно-хигиенски мерки, потреба од здрава околина) , како и на воспитните активности. Па така, преку игри и со помош на игровниот материјал, негователките ги запознаваат децата со луѓето со кои се сретнуваат јаслите, ги развиваат сетилните органи, детското спознавање, движењата и ги поттикнуваат на одредени активности.

Предучилишната општествено организирана форма на воспитание и образование, со својата планска и програмска поставеност посебно е насочена кон задоволување на разни потреби и интереси на детето од третата година, до нивното поаѓање во училиште, а воедно овозможуваат континуитет на воспитно -образовната дејност, со основното воспитание и образование.

Воспитно-образовната дејност во детските градинки се реализира низ следните 3 форми на воспитно-образовни дејности, и тоа:

1. Слободни активности

Тоа е форма за посредно воспитно-образовно влијание, насочување и следење на детскиот развој.Овие активности се организираат секојдневно, според детските желби и интереси, од 8 до 9 часот и од 9:30 до почетокот на припремата за ручек. Во потоплите периоди овие активности се изведуваат на отворен простор, а во постудените во просториите на предучилишната установа. За правилното одвивање на овие активности се обезбедуваат потребни услови- катчиња за игри, потребни дидактички средства и играчки, сликовници, топки и други помагала.

2. Насочени активности

Тоа е форма на непосредно влијание, раководење, насочување и следење на детскиот развој.Овие активности се изведуваат секојдневно во сите групи градинка, започнувајќи од 9 часот и траат зависно од возраста и интересот на децата.Тие се одржуваат плански, преку содржини што се предвидени со програмата за работа на установата.Преку овие

активности децата се навикнуваат на организирано однесување во детскиот колектив, се развива самостојноста и самосовладувњето.

3. Животни активности

Тоа се активности како форма за задоволување на детските потреби за храна, одмор и одржување на хигиената, кои заземаат најголем дел од дневниот престој на децата.

Воспитно образовната работа во групите се одвива на албански наставен јазик во 1 група јасли и 6 групи градинка и билингуално на македонски и албански јазик 1 група градинка.

Во нашата установа е организирана и вон институционална форма на работа која работи 10 години една група со деца од 3-6годишна возраст,со која раководат една воспитувачка.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТАРАБОТА

Негователките во јаслените групи покрај секојдневната загрижувачка работа со децата, обавуваат и воспитна работа, за таацелтие се служат со соодветна програма, во која се изнесени темите и содржините за работа за секој ден.Треба да се истакна посебно внимание во изведувањето на активностите посетуват во работата со децата од третата јаслена возраст, каде веќе и самите деца пројавуваат поголем интерес.

Според Републичката програма за воспитно-образовна работа во предучилишните установи и сопствената годишна програма, сите воспитно образовни подрачја во групите градинка се реализираа во целост. Во изминатата учебна година, воспитувачите на децата им ги приближија воспитно-образовните подрачја, обработувајќи ги содржините на следните теми:

1. Да се запознаеме
2. Јас и моето семејство
3. Убавините на есента
4. Дрвото-мојот пријател
5. Јунаците на моето детство
6. Како се разболуваме- како се лекуваме
7. Моето тело
8. Ги сакаме животните
9. Зима
10. Дочек на дедо мраз
11. Природата се буди
12. Патуваме, патуваме
13. Екологија
14. Лето

Освен годишните теми на Годишната програма на ЈОУДГ Брешиа-Дебар,реализираме и проjекти финансирани од Европската унија,Националната агенција за образовни програми и мобилност од програмата Ерасмус+,Малитенаушници “Little inventors”.

“Мали научници” епроект на пет градинки/училишта од Македонија, Данска, Литванија, Турција и Италија со цел да се поттикнат и развијатстратегии кои би ги подобриле основните вештини во науката, математиката, јазикот и технологијата кај децатапрекуразлични активности и игри. Со што теоретското и практичното знање би се комбинирале во насока на обезбедувањње на ефикасно учење во раната возраст. Преку овој проект петте партнери ќе треба да создадат краткорочни и долгорочни резултати за да се зголеми квалитетот на образованието и подобрување на основните вештини: наука, математика, јазик, технологија, кај децата, преку холистичко учење. Овој проект е поддржан од “Еразмус +”, “Националната агенција на Турција” и “Макеонската национална агенција за европски образовни програми и мобилност”.

Во текот на 2019-2020 год. нашата установа реализираше 6 проекти од програмата на Ерасмус+,ј проектите со задоволство ги прифатив и бев многу срекна што ние ќе бидеме дел од овие проекти со многу задоволство ја прифатија и другите вработени од нашата градинка.

Со веќе споменатите воспитно-образовни активности, вработените се залагаа да преку организираниот живот и престој на децата во градинката, преку игрите и работа со децата, а во соработка со родителите и семејствата, позитивно да влијае на правилниот физички, здравствен, интелектуален и морален развиток, помагаше во осознавањето на елементарните познавања на природата, животот и работата, облагородување на чуствата и стекнување на повеќе самодоверба, оспособување за понатамошниотживот, збогатување на речникот и говорот, развивање на ликовното и музичкото творештво, како и запознавање со првите и основни математички поими. Исто така, за време на целиот престој во градинкта се залагаме кај децта да формираме културно- хигиенски навики, чуство за другарство, пријателство, помош, да го одржуваме и зајакнуваме здравјето на децата и сл.

ЗДРАСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ

Здравствената заштитана децата во нашата установа составен дел од тековнат работа.За децата згрижени во нашатаустанова се води грижа поврзана со превентивната здравствената заштита.

Ваквата заштитасекојдневно ја спроведуваат воспитно-образовниот кадар.

За успешноостварување на здравствената заштитаво градинката оваа година воспоставена е соработка со Медицински центар Дебар,штобеа повикани на посета екипа на лекари и педијатри и медицински сестри заради контрола на хигиената на просториите во кои престојуваат децата и воопштово градинката (температура, постела, примена на дезинфициони средства и др.), мерење на висинта и тежината на децата еднаш во месецот, вршењена опремување на апотеката во објектот со основни најпотребни лекови и сл.

Во планот и програмата за работа на установата е зацртан и планот за работа на медицинската сестра и која треба да ги изврши следните активности:

- Прием и триажа на нови деца во текот на целата година со укажување на дневниот режим и зготвување на план за работа;

- Секојдневно вршењенаконтрола на санитарнитеи во објектите;

- Инструктивна работа со лица кои ги користат средствата за хигиена;

- Редовно вршењеконтрола и надзор во градинката за исхраната, контрола на приборот за јадење и целиот кујнски прибор;

- Тесна соработка со воспитно-згрижувачкиот кадар.Се извршиапредвидените антрополошкимерења кај децата, телесната тежина, висина обем на градби, обем на глава и се следешепсихо-физичкиот развој кај децата;

- Отварање на здраствени картони - од денот на поаѓање во градинка на секое дете, каде се бележат податоците од прегледите;

- Известување на вработените и родителите за сите забележани промени кај децата при извршениотпреглед;

- Тесна соработка со службата за епидемиологија и медицинскиот центар;

- Редовно се вршеа санитарни предгледи од надлежните органи два пати годишноза персоналот во кујна а за другиот персонал еднаш годишно.

Од 10 март кога во Дебар се појави првиот случај од Covid 19 по одлука на влада се затвори сите градинки во Р.Северна Македонија.

КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Освен реализацијата на воспитната програма, градинката обавува бројни активности од јавен и културен карактер.

Во изминатите децении децата и воспитувачите учествуваат на разновидни манифестации кои беа одраз на барањата на времето во кое се живеело и деелувало, “Цртање наасфалт” “Цветно дефиле” и др.

- Испраќање на Есента.
- Новогодишната прослава.
- Испраќање на зимата.
-

Воспитниот кадар при реализацијата на активностите ги почитуваше детските интереси, мотивирајќи ги ипоттекнувајќиги децата да од ден на ден ги обогатат своите искуства со нови знаења.При овој процес тие во својата пракса користеа соодведни форми и методи за работа.

Од формите за работа се користеа како работа во катчиња, работа по парови, фронтална работа и индивидуална, организирани беа квиз натпревари со кои кај децата се развивашенатпреварувачки дух и интерес за партнерство и соработка.Математичко-дидактичките игри им овозможиа на децата да се воведат во светот на математиката и за сите постоешеголем интерес.

Со децата извршенисе посети на разни објекти на непосредната околина и родниот крај како: пошта библиотека, Дом на Култура, Градски Пазар, угостителски објекти, автобуска

Овие посети овозможија да се збогати и проширивидео кругот на децата. На посета во нашатаградинка ни дојдоа: лекар, заболекар, и собраќаенполицаец.

Со секојдневните прошеткиинаблодувања децата учеа правилно да се однесуваат и да се ориентираат во просторот и освојуваат знаења од секојдневниот живот.

Овие прошетки овозможиа престој на чист воздух и другите природни фактори за јакнење на цело купниот организам.

На влезот на установата на огласната табла ни беа истакнувани темите кои ги работевме во текот на целата учебна година.

Поради пандемијата заостаните активности ги реализиравме по онлине настава .

СТРУЧНИ ОРГАНИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Според статутот на јавната општинска установа детска градинка"Брешиа"-Дебар, стручни органи во установата се:

Стручниот совет - кој го сочинуваат: директорот и сите работници кои вршат стручни работи и ја остваруваат дејноста во детската градинка(директорот, воспитувачките и негователките).

Со стручниот совет раководи директорот на детската градинка.

Стручниот совет ги врши следните работи:

- Утврдува стручни основи за остварување на програмата за работа,
- Дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата за работа и условите за работа,
- Ги разгледува програмите и плановите за работа и превзема мерки за нивно извршување,
- Ги разгледува извештаите за извршенстручен надзор над реализирањето на програмите и предлага соодветни мерки,
- Го разгледува планот за стручен надзор над реализирањето над програмите и предлага соодветни мерки,
- Го разгледува планот за стручно усовршување на кадарот во детската градинка,
- Именува и разрешувапреставник во управниот одбор на детската градинка,

- Ги утврдува потребите на објектите од игровен, дидактички и друг материјал за работа со деца, како и потребите од основните средства и потрошенматеријал за нормално реализирање на дејноста,

- Стручниот совет одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

Советот на воспитувачи – којгисочинуваат воспитувачите на детската градинка.

Со советот на воспитувачи раководи и го свикува директорот на детската градинка.

Советот на воспитувачи ги вршиследните работи:

- Го усогласува работењето на воспитувачите во детската градинка,

- Разгледува содржини за работа согласно програмите,

- Ја реализира програмата за стручно усовршување,

- Учествува во подготовките и реализацијата на програмите за работа и другите форми за работа со деца,

- Соработува со советот на родители и совет на негователи,

- Врши други работи кои произлегуваат од реализирањето на програмите, плановите и други форми на остварување на дејноста.

Советот на негователи - кој го сочинуваат негователи на детската градинка.

Со советот раководи директорот на детската градинка.

Советот на негователи:

- Го усогласува работењето на негователите во детската градинка,

- Ја реализира програмата за стручно усовршувањена негователките во детската градинка,

- Разгледува содржини за работа согласно програмите,

- Соработува со советот на воспитувачи и советот на родители.

СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ИВОСПИТНО- ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР

Се со цел унапредување, иновирање и следење на научните достигнувања од областа на детската педагогија и психологија, како и работата со децата штоги згрижува детската градинка, воспитно-образовниот и воспитно- згрижувачкиот кадар, работеше на своето стручно усовршување.Ваквото усовршување перманентно, првенствено преку работата на нивните активи, кој истовремено се придружувани од директорот.

Покрај ваквиот начин на стручно усовршување воспитно-образовниоткористилитература штоградинката ја има во својата библиотека, како и преку: присуство на културни манифестации во други градинки.

ПРОЕКТИ

Во текот на 2019/2020 год.ЈОУДГ Брешиа-Дебар реализиравме 6 проекти финансирани од Европската Унија од програмата Еразмус+ за европски образовни програми и мобилност.

Малите научници 2017-2020 проект што ја реализиравме со 5 земји Македонија Данска,Италија,Литванија,Турција и успешно ја завршивме.

Сам во светот2018–2020проект што ја реализира ЈОУДГ Брешиа ,Р.Бугарија,Романија и Турција.Поради пандемијата од COVID-19 го продолживме договорот за последната транснационална средба во месец ноември 2020.

Орф музика – 2018-2020 проект што ја реализира ЈОУДГ Брешиа-Дебар ,Литванија и Турција.И проектот Орфф музика која требаше да заврши во месец мај го продолживме договорот за 2021 год.

ЕВС-волонтери –двајца волонтери од Турција кои волонтираа 10 месеци во ЈОУДГ Брешиа-Дебар успешно го реализираа годишната програма планирана од страна на волонтерите.2019-2020.

Е-моции-хиперсензитивните деца – проект што ја реализира ЈОУДГ Брешиа со 5 други земји, Полска,Шпанија-Тенерифе,Романија,Италија ,започнат од 2018-2021.

Да ги споделиме играчките–проектреализиран од ЈОУДГ Брешиа-Дебар,Грчка,Романија,Булгарија,Италија,Литванија,Латвија,започнат во 2019-2021.

Исто така во установата продолжува да работат две групи по проектот МОЗАИК-билингуални.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ НА ДИРЕКТОРОТ И ДРУГИТЕСТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Директорот на ЈОУДГ"Брешиа" - Дебар во учебната 2019/2020година ја организираше и раководеше соработата на установта според соодветните законски барања, потребите на децата и родителите, Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на образованието и Локалната самоуправа, како и програмата на установата, која бешедонесена и усвоена од Управниот одбор на почетокот на учебната 2019/20година.

Конкретните задачи, содржини и активности на директорот може да се систематизираат во повеќе подрачја, и тоа:

Следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовната, стручно-педагошкатаи други работи во установата при што директорот вршеше:

- Увид, следење, координирање и насочување на планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа од страна на воспитниот кадар и стручната служба;

- Остварување на задолжителни разговори, консултации и давање помош на вработените,за подобрување на состојбите;

- Следење и насочување на уредувањето на просториите;

- Увид, следење, координирање и насочување на одговорното остварување на работните задачи;

Перманентно стручно усовршување

- Директорот реализираше разни форми и активности на стручно усовршувањена воспитно-образовниот кадар (посета на семинари, работилници и разни манифестации по други градинки);

- Лично учество на професионални колегиуми и семинари и проекти тоа: во Пливитчките езера,; 5 воспитувачки со проектот Сам во светот во текот на 2019 бевме во Турција,Бугарија за размена на искуства работа на активности со деца,Со проектот Орф музика во текот на 2019 бевме во Литванија,а поради пандемијата последната средба е одложена за 2021год.со 4 воспитувачки,

Со проектот Е-моции заедно со тим бевме на транснационални средби во Полска,Романија и Шпанија.Поради пандемијата беше одложено патувањето за во Италија.

Со проектот Да ги споделиме играчките .бевме во транснационална средба во Крит Грчка и во Романија во градот Констанца.

Сите реализирани проекти од Ерасмус+програмата од Националната агенција за образовни програми и мобилност, работилни и други места каде што добиваме покани за учество,сите средби ни беа од корист,научивме нови методи за реализација на предвидените активности со деца.

- Присаство и земање активно учество на состаноците штосе одржува со директорите од другите градови, со цел решеање на заеднички проблеми, подобрување на условите за работа на градинките како и размена на знаења и искуства.

Соработка со родителите, локалната и поширокатa општеството средина, пришто директорот:

- Редовно ги информирашеродителите и граѓаните заактивностите и работата на градинката, преку непосредни разговори и преку локалните ТВ медиуми и весници;

- Учество на состаноци на управниот одбор на установата и советот на родителите и присаство и земање активно учество на едукативни колегиуми на установата;

- Соработка со локална самоуправа и градоначалникот-редовно известување за состојбта и работата на градинката, како и за евентуални проблеми и барање излез за истите.

Одржување и опремување на градинкта

Покрај наведените активности на директорот во учебната 2019/ 2020 год.треба да се наведат и постигањата во областа на одржување и опремување на градинката и активност кои придонесоа за подобрување на условите за престој и работа во градинката. Па така, во текот на извештајниотпериод во учебната 2019/20 година градинката направени се следните активности:

Дата	Извршени активности и задачи
07.10.2019-11.10.2019	. Детската недела – Запознавање со правата на детето, почитување на различноста, одговорност, лубов. - моите права-работилница - другарство Прослава на детската недела – Запознавање со правата на детето, институции, градината, посета на градот
07.10 – 11.10.2018	- традиционални игри - работилница здрава храна

16.10.2019	Национален ден на здрава храна - Како се употребува, како се припрема, што значи здрава храна и зашто треба да се храниме здраво.
22.11.2019	Албанска азбука – Запознавање на албанската азбука, кои се првите учителки.
29.12.2019	Новогодишни празници – Запознавање со празникот Нова Година, дочек на Дедо Мраз, подароците манифестација во спортска сала.

СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА

ПРОЕКТИ И АКЦИСКИ ИСТАЖУВАЊА

НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ	КРАТОК ОПИС И ОЧЕКУВАНИТЕ ЦЕЛИ	ДАТУМ НА СПРОВЕДУВАЊЕ
“Градот низ детските очи”	**Проектот има за цел развивање лубов, интерес, чувство на патриот, почитување, грижа и одоговорност кон сопстената татковина.**	**Во текот на цела година од 03.09.2019 до 10.03.2020**
“Бон тон за деца“ - **Бон тон на маса** - **Бон тон во продавница** - **На театарска претстава** - **На роденден** - **Сообраќен Бон-тон еколошки**	- **Децата да ги научат и применуваат правилата на убаво оденсување во различни во секојдневниот живот.**	**Од 03.09.2019 до 30.03.2020**
“Семејството и семејните вредности”	**Развивање на свест кај децата од предучилишно возраст за важноста на семејството во градење на почит и лубов кон семејните вредности. Детето ја искажува лубовта кон**	**Од 03.09.2019 до 30.06.2020Поради пандемијата делод активностите се одржеа он-лине**

	семејството, именува членови на семејството.	**преку зум програмата.**
“Моја хигиена моја навика”	**Градење на чувство за одговорност и грижа за самиот себе, стварање на добри хигиенски навики – лична хигиена. -Детето станува здрави хигиенски навики.**	**Од 03.09.2019 до 30.06.2020 Поради пандемијата дел од активностите се одржеа он-лине преку зум програмата.**
“Градина во детска градинка”	**Децата активно учествуваат во сладење, полавање, чистење да го научат процесот на огледување на растемијата како морков, мацдонос, кромид, патлиџан, кои ќе ги користиме како здрава храна.**	**Од 03.09.2019 до 10.03.2020 Поради пандемијата дел од активностите се одржеа он-лине преку зум програмата.**
“Екологија”	**Децата да научат норми и правила во и кон природата да се вклучат во рациклирање на хартија, пластика и др. Дечињата да се потикнуваат да бидаат креативни.**	**Од 03.09.2019 до 30.06.2020 Поради пандемијата дел од активностите се одржеа он-лине преку зум програмата.**

НАБАВКА НА СРЕДСТВА ОПРЕМА И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈОУДГ БРЕШИА –ДЕБАР

Од 03.09.2019до10.03.2020 год... Буџетска сметка 903/2018/2019

.

.

Поради пандемијата од 13.03.2020 освен трошоци храна за Народната кујна,вода,струја и ѓубре не инвестиравме во градинката.
Само од буџетот на проектот Орф музика набавивме музички инструменти за децата.

Во“Народната кујна” која го отворивме по согласност на Министерството за труд и социјална политика,спремаме храна за 120 лицаи тоа 100 во градот Дебар и 20 во Центар Жупа.

Моменталната состојба на градинката е многу добра,со погледот,нагледните средства,инвентарот,играчките,занималните и сите што го опкружува градинката.Значи условите ги задоволуваат потребите на родителите.

Сите овие добри услови доаѓаат како резултат на одговорноста што ја имаме кон градинката и условите за престој на нашите дечиња.Ангажирање на директорот,вработените,Општината,Министерството и другите правни и физички субјекти кои на некој начин придонесуваат во нашата установа,за решавање на нашите проблеми и нашите потреби.Благодарност до сите донатори кои вложија во нашата градинка.

ПОФАЛБИ И УВЕРЕНИЈА

ФИНАНСОВА ПОЛИТИКА НА ИНСТИТУЦИЈАТА

Во текот на тековната учебна година 2019/2020 ЈОУДГ Брешиа-Дебар располага со овие жиросметки:

- 787 - сопствена сметка
- 903 - општинска сметка
- 603 - буџетска сметка
-785- донаторска сметка

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ЈОУДГ БРЕШИА-ДЕБАР

За сметка за сопствени приходи 903

За 01.09 .2019-31.08.2020

Ред. бр.	ПРИХОДИ	Приходно конто	ИЗНОС
1	Приходи од Локална самоуправа –Н-1	741112	**19.150.488**
	Вкупно : (буџет на вработените –плати)		**17472857**
	РАСХОДИ	Расходно конто	
	Програма В-1	420	
1	**Комунални трошоци**	**421**	**504218**
	Струја	421/110	123220
	Вода ѓубре	421/120-130	103450
	Нафта за греење	421/240	**260130**
	ПТТ –трошоци фиксен-моб,	421/320	**1018**
		421/410	
2	**Материјали**	**423**	**200986**
	Канцелариски материјали	423/120	**23486**
	Хигиена	423/710	**36500**
	Алат и ситен инвентар	423/910	**141000**

3	**Тековно одржување**	**424**	**36585**
	Тековно одржување на згради	424/210	
	Дезинфексија	424/230	**5200**
	Тековно одрежување на опрема	424/420	**14884**
4	**Договор за тендерска документација**	425/990	
5	**Други оперативни трошоци**	**426**	288657
	Конкурс за Јавни набавки		
	Агенција за вработување	427	**570236**
	Вкупно програма Н-1		**19150488**

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ЈОУДГ БРЕШИА –ДЕБАР

За сметка на приходи **-787-**

За 01.09.2019 до 31.08.2020год.

Ред. бр.	**ПРИХОДИ**	**Приходно конто**	**ИЗНОС**
1	Приходи од	723111	1.208870
		723/116	3.162.240
	Вкупно		
	РАСХОДИ	Расходно конто	**2.507677**
	Програма Б1		
1	**Комунални трошоци**	**401**	**433.120**
	Струја	421	**126.340**
	Вода		**110.220**

	Нафта		**123.400**
	ПТТ-трошоци		**31.160**
	Дневници и патни трошоци	420/110	**42.000**
2		423	**1556910**
	Канцелариски материјали		**54810**
	Хигиена		**27.400**
	Алат и ситен инвентар		**6200**
	Исхрана	423/410	**1465300**
	Санитарни материјали	423/810	3200
3	**Тековно одржување**	424/210	**70360**
	Тековно одржување на згради –набавка на материјали за реконструксија	424/210	**61440**
	Дезинфексија а	424/230	**11.000**
	Тековно одржување на опрема	424/420	**14.700**
4	Договорни трошоци –исплата на вработени со договор за работа ,за одржување на објетот,исплата за снимање ,камермани,музика,цртежи за приредбите,украсување на спортската салла со баллони идруги извршени услуги во градинката	425/990	**288657**
	Договор за јавни набавки	426	**76950**
		427/110	
	Јавни огласи за јавни набавки		
	Изградба на објект	482/920	
5	**Други оперативни трошоци**		**4.622.858**
		486/310	
	Вкупна програма Б-1		**4371110**

Управен Одбор

03.09.2020год. Претседател,

Муса Лата

Дебар _____